РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer. 02-1587/9
10.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 04.04.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Горјан Шеќеринов, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека ќе направи измена во предложениот дневен ред, при што точката „Разно“ со наслов „Предлог-одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата на Трговското друштво за радиодифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје“ ќе биде преместена како Точка 3. Соодветно на тоа, сите следни точки ќе се поместат за едно место нагоре.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

### Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.03.2025 година.
2. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за ТВ емитување на радиодифузери.
3. Предлог-одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на непрофитната радиодифузна установа – УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, за прекршување на член 67 став 6 од ЗААВМУ.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Модернизација на сервер сала.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Приватно здравствено осигурување.
7. Предлог-одлука за отуѓување на службен мобилен телефон.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.03.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски појасни дека во рамки на оваа точка ќе бидат предложени две иницијативи за покренување постапки за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузери. Истакна дека предлогот за ТВ Клан ќе биде дополнет, со оглед на тоа што е доставен нов материјал кој овозможува покренување постапка по друг основ согласно Законот. Предложи воведно образложение и заедничка дискусија за двата предлога, а потоа одделно гласање за секој од нив.

Советот немаше против.

Г-дин Трајчевски објасни дека двата радиодифузери, ТВ Клан и ТВ Сонце, во законски предвидениот рок од 30 дена не го имаат платено надоместокот, што според Законот претставува основ за отпочнување постапка за одземање на дозволата за емитување. Дополнително информира дека вчера бил известен дека кај телевизијата Клан е регистрирано намалување на бројот на вработени, со што не се исполнуваат минималните кадровски услови потребни за поседување дозвола за вршење радиодифузна дејност. Врз основа на таа добиена претставка, Агенцијата се обратила до Агенцијата за вработување, од каде што е добиен официјален допис. Овој документ, непосредно пред почетокот на седницата, бил доставен до членовите на Советот како прилог кон материјалите. Според податоците во дописот, бројот на вработени во ТВ Клан изнесува 18 лица, што е под законскиот минимум од 20 вработени. Заради тоа, предлогот за отпочнување на постапка за одземање на дозволата на ТВ Клан, првично заснован на неплаќање на годишниот надоместок, ќе биде проширен и со основот дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови, како што е утврдено преку административен надзор. Во однос на ТВ Сонце, како основ за предлогот за одземање на дозволата останува само неплаќањето на годишниот надоместок.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0086 од 28.02.2025 година, и согласно Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност административен надзор бр.03-1628/1 од 04.04.2025 година, каде е констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не се усогласи со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај, Скопје, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0084 од 25.02.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Одлука за поништување на претходната Одлука за одземање на дозволата на Трговското друштво за радиодифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје. Посочи дека, иако дозволата им беше одземена, Телевизија Шутел во законски утврдениот рок поднесе тужба пред Управниот суд, го уплати надоместокот за дозволата, како и сите останати трошоци – вклучително и трошоците за објавување на одлуката во Службен весник на РСМ и во два дневни весника. Дополнително, информира дека вчера телевизијата имала технички проблем со операторот А1, кој треба да ја емитува преку мултиплекс. Поради долгови кон операторот, А1 одбивал повторно да ги вклучи во системот. Поради тоа, ТВ Шутел

побарала точката да се повлече од дневниот ред на седницата и да им бидат вратени уплатените средства, бидејќи не биле во можност да продолжат со работа. Сепак, непосредно пред одржувањето на седницата, телефонски го информирале господин Трајчевски дека ги регулирале односите со операторот А1 и дека ќе продолжат со работа, поради што побарале точката да остане на дневен ред.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се поништува Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025г. на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023г., со оглед дека радиодифузерот во целост ја отстранил причината поради која Советот на Агенцијата ја донел предметната Одлука, односно на 02.04.2025 г. во целост ги исполнил следниве финансиски обврски кон Агенцијата, и тоа:

- ја плати Фактурата бр.2025-100-0011 од 10.01.2025г. (наш арх.бр.05-137/1 од 10.01.2025г.) за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2025г. до 04.01.2026г., во износ од 1.240.182,00 (еденмилиони двестотиничетириесетилјадиистоосумдесетидва) денари;

- ги плати трошоците во износ од 3.268,00 (триилјадиидвестотинишеесетиосум) денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025г. за одземање на дозвола, во Службен весник на РСМ,бр.51/25 – по Фактура бр.2320-6849/27 од 10.03.2025г. (наш арх.бр.05-1106/1 од 19.03.2025г.);

- ги плати трошоците во вкупен износ од 23.714,00 (дваесетитриилјадии седумстотиниичетиринаесет) денари, со вклучен ДДВ за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025г. за одземање на дозволата, во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ (по Фактура на Вечер Прес ДООЕЛ Скопје бр.2510300321 од 05.03.2025г. (наш арх.бр.05-1166/1 од 21.03.2025г.) и Фактура на Коха Продуктион ДОО Скопје бр.36136/2025 од 18.03.2025г. (наш арх.бр.05-1167/1 од 21.03.2025г.);

- ги плати трошоците во износ од 1.083,00 (илјадаиосумдесититри) денари, со вклучен ДДВ за објавување на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 бр.08-83 од 07.03.2025 г., во Службен весник на РСМ, бр.56/25 – по Фактура бр.2617-6849/27 од 14.03.2025 г. (наш арх.бр.05-1241/1 од 24.03.2025г.);

- ги плати трошоците во износ од 3.268,00 (триилјадиидвестотинишеесетиосум) денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023г., во Службен весник на РСМ.

Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, најдоцна до 11.04.2025г. да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на ден 02.04.2025г. против Агенцијата, за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023г.

Одлуката стапува во сила на ден 11.04.2025г., под услов Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, најдоцна до 11.04.2025г. да ја повлече Тужбата и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не ја исполни обврската во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во Службен весник на РСМ, и на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки, по стапување во сила на горенаведената Одлука, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се запише во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски, во врска со Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на непрофитната радиодифузна установа – Универзитетско радио УГД ФМ од Штип, поради прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, информира дека во текот на вчерашниот ден се одржал состанок со претставници на радиото. Дополнително, во вечерните часови бил известен дека од страна на Советот на Универзитетот во Штип е донесена одлука за враќање на дозволата за емитување. Во таа насока, господин Трајчевски посочи дека се очекува Универзитетот да достави и изјава заверена на нотар од ректорот, со цел да може ова непрофитно радио да биде избришано од регистарот на радиодифузери.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, информираше дека при редовниот програмски надзор спроведен во декември минатата година било утврдено дека радиото УГД ФМ не емитува уреднички обликувани програмски содржини, туку исклучиво музика и самопромотивни најави. Овој наод предизвикал сомнеж дека радиото не го исполнува својот програмски концепт согласно дозволата. Поради тоа, во периодот од 10 до 16 февруари годинава, Секторот спроведе вонреден програмски надзор со анализа на цело неделната емитувана програма. Надзорот ги потврди сомнежите – во анализираниот период радиото не емитувало програма со уреднички обликувани содржини, туку само музика и приближно 6 часа самопромотивни најави. Врз основа на овие наоди, се предлага на радиото да му се изрече мерка јавна опомена, со рок од 20 дена за усогласување со законските обврски. Доколку радиото не ја врати дозволата и реши да продолжи со работа, по истекот на рокот ќе се спроведе контролен надзор за да се провери дали се усогласиле со Законот.

Г-дин Фиданоски рече, со оглед на најавата од страна на директорот дека ова непрофитно радио има намера да ја врати дозволата, праша дали во текот на разговорот биле посочени причините или мотивите за ваквата одлука?

Раководителката Јаневска објасни дека во изминатиот период имале комуникација со претставници на Универзитетското радио УГД ФМ преку е-пошта и телефонски разговори. Посочи дека им било предложено, доколку не се во можност да ги исполнат обврските предвидени во програмскиот концепт, да побараат официјална промена на концептот од Советот на Агенцијата. Во таа насока им било објаснето кои делови од програмскиот концепт се подложни на измени, а кои не, со конкретен предлог да го намалат обемот на вкупно емитувана програма на дневно ниво. Во моментов,

радиото емитува програма 24 часа дневно, што подразбира и зголемени обврски за производство на сопствена програма. Сепак, доколку се согласат да го намалат обемот, согласно законската регулатива за непрофитни радиодифузери, дозволено е минимално дневно емитување од 4 часа, што би значело и намалување на обврските. Првичниот одговор од нивна страна бил дека немаат доволно студенти за да продуцираат сопствена програма. Сепак, во вчерашниот разговор било истакнато дека сметаат оти немаат терестријална публика, туку дека радиото главно се следи онлајн. Поради тоа, го сметаат за неисплатливо инвестирањето во терестријално емитување, и имаат намера да ја задржат програмата исклучиво во онлајн формат.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден по службена должност, програмски надзор, бр.10-963/1 од 10.03.2025г. и едногласно заклучи на непрофитната радиодифузна установа - УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 67 став 6 од ЗААВМУ, затоа што во неделата од 10 до 16 февруари 2025 година, радиодифузерот не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радиодуфузна дејност.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: Модернизација на сервер сала. Таа истакна дека целта на оваа набавка е подобрување на инфраструктурата и зголемување на сигурноста во сервер-салата на Агенцијата. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата, а финансиските средства се обезбедени во Финансискиот план за 2025 година. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како јавна набавка од мала вредност, во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки кои се однесуваат на овој тип на постапки. Истата ќе започне со објавување оглас преку електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН). Сите релевантни податоци и детали поврзани со оваа постапка се содржани во материјалите доставени за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Модернизација на сервер сала.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Модернизација на сервер сала, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: Приватно здравствено осигурување. Таа информираше дека оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата, а финансиските средства за нејзина реализација се обезбедени во Финансискиот план за 2025 година. Постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, согласно износот на проценетата вредност, при што целосно ќе се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки кои се однесуваат на овој тип на постапки. Истата ќе започне со објавување на оглас преку електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), како и во „Службен весник на Република Северна Македонија". Сите дополнителни информации и детали се содржани во доставените материјали за седницата.

Г-дин Фиданоски, врз основа на доставените материјали, забележал дека станува збор за ограничен број на осигуреници, односно 15 лица, и побара подетално објаснување во однос на оваа точка.

Раководителката Митревска објасни дека овие 15 лица од Стручната служба доброволно се пријавиле како заинтересирани за користење на оваа услуга.

Г-дин Фиданоски праша дали во таков случај овие лица ќе го задржат правото на редовно здравствено осигурување што веќе го имаат, на што раководителката одговори позитивно.

Г-дин Петрушевски праша дали ќе се користат средства од буџетот на Агенцијата за покривање на трошоците за предложените 15 лица, како и дали постои законска основа за спроведување на оваа јавна набавка?

Раководителката Митревска одговори дека за оваа набавка постои законска основа, со оглед на тоа што многу други институции веќе ја спроведуваат и практикуваат ваквата услуга. Таа посочи дека за набавката се пријавени 15 лица, а трошоците ќе бидат поделени: половина ќе ги покрие Агенцијата, а половина вработените што се пријавиле.

Г-дин Петрушевски истакна дека во доставените материјали не се наведени конкретни информации по кој член од Законот се предлага и спроведува оваа јавна набавка за приватно здравствено осигурување и побара дополнителни информации.

Г-дин Трајчевски објасни дека оваа јавна набавка произлегува од потпишаниот Колективен договор, во кој е утврдено дека Агенцијата ќе покрива 50% од трошоците за приватно здравствено осигурување на вработените кои се заинтересирани, додека другите 50% ќе ги покриваат самите вработени. Од вкупниот број на вработени, само 15 лица изразија интерес за дополнително здравствено осигурување.

Г-дин Фиданоски праша како ќе бидат потрошени средствата за јавната набавка, односно дали ќе бидат искористени по потреба.

Раководителката Митревска објасни дека средствата ќе бидат потрошени само за оние вработени кои ќе се пријават за користење на услугата. Набавката ќе се спроведе преку избор на економски оператор кој ќе понуди најповолни услови согласно тендерската документација и техничката спецификација.

Г-дин Петрушевски праша дали постојат докази дека вработените кои не се пријавиле навистина не сакаат да го користат приватното здравствено осигурување?

Раководителката Митревска одговори дека сите вработени во Стручната служба биле информирани и имале еднаква можност да се пријават. Одржани се состаноци со осигурителни компании, на кои им било објаснето што вклучува приватното здравствено осигурување и кои се правата кои произлегуваат од него. Сите вработени биле еднакво запознаени со можностите, но само 15 лица одлучиле да ја искористат оваа опција.

Г-дин Петрушевски изрази чудење поради тоа што, од вкупно 60 вработени, само 15 се пријавиле за приватното здравствено осигурување. Тој, исто така, забележа дека во материјалите се наведени лични податоци на вработените, односно години на раѓање.

Г-дин Трајчев праша дали Агенцијата како институција е законски обврзана да спроведува ваква постапка со оглед дека станува збор за трошење буџетски средства?

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот, Шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска објасни дека претседателот на Синдикатот на Агенцијата повеќепати испратил по електронска пошта до сите вработени, без разлика дали се членови на синдикатот, за да се изјаснат за дополнително здравствено осигурување. Ова право произлегува од Колективниот договор на Агенцијата, кој дава поголеми права од Законот, и е правно издржан и легален. Во однос на прашањето на Г-дин Фиданоски за начинот на плаќање на премијата, таа информираше дека се плаќа месечен паушал, при што 50% од премијата ја покрива Агенцијата, а 50% ја плаќа вработениот.

Г-дин Петрушевски праша дали ова е фиксно плаќање, без разлика дали вработениот има потреба од лекување?

Раководителката Љубевска одговори дека тоа е така, со тоа што ако некој има потреба, ќе ги користи сумите кои се наведени во пакетите, како што се дефинирани во самата спецификација и договорот кој ќе се склучи со избраната осигурителна компанија. Во однос на возраста на вработените, таа објасни дека беа одржани презентации и контакти со повеќе осигурителни компании, но ниту една од нив не можела да даде понуда без да ја има предвид возраста на вработените. Возраста е важен елемент за компаниите, бидејќи врз основа на неа се проценува која цена ќе понудат и кои здравствени пакети ќе бидат вклучени.

Г-дин Фиданоски се согласи и напомена дека секоја осигурителна компанија пред да даде понуда, мора да знае за возраста на вработените и дали имаат хронични заболувања. Ова влијае на висината на премијата, бидејќи, според нивните критериуми, можат да ја зголемат или намалат. Тој уште еднаш побара потврда дека плаќањето ќе биде поделено 50% Агенцијата, 50% вработен, на што доби потврден одговор од службата.

Г-дин Петрушевски забележа дека станува збор за сума од 1.100.000 денари, што е нешто помалку од 20.000 евра.

Г-дин Трајчевски објасни дека целата сума од 1.100.000 денари ќе биде уплатена целосно на избраната осигурителна компанија, но потоа 50% од таа сума ќе ја платат вработените. Тоа значи дека Агенцијата максимално ќе плати 550.000 денари.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ, даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Приватно здравствено осигурување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Приватно здравствено осигурување, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за отуѓување на службен мобилен телефон. Тој објасни дека лицето, кое е наведено во Барањето, пред еден месец се вработило во друга државна институција како директор на една од ревизорските куќи. Тоа лице побарало да го задржи мобилниот телефон кој до тогаш го користел како службен, додека бил вработено во Агенцијата. Исто така објасни дека согласно Законот, пред да се даде согласност или одобрување за отуѓување на службен мобилен телефон, Советот треба да го одобри овој предлог, со тоа што вработениот треба да ја плати сметководствената вредност на мобилниот телефон на Агенцијата, согласно извршената проценка.

Г-дин Петрушевски изрази поддршка за предлогот, нагласувајќи дека се работи за мала сума, но истовремено истакна дека мобилниот телефон кој досега го користел вработениот содржи лични и други податоци на корисникот.

Г-дин Трајчев, иако се согласи со тоа дека сумата е мала, истакна дека принципиелно не се согласува со ваквиот начин на отуѓување на имот кој е во сопственост на Агенцијата. Тој повтори дека ова го нагласил и во минатото кога биле носени слични одлуки, бидејќи смета дека за вакви постапки треба да постои некаква лицитација за утврдување на вистинската пазарна вредност, а не само сметководствената. И од таа причина се изјасни дека не го поддржува предлогот.

Г-дин Трајчевски објасни дека доколку лицето што го бара мобилниот телефон уште беше вработено во Агенцијата, телефонот би го добил бесплатно. Тој нагласи дека вредноста на овие апарати значително паѓа со текот на времето, а телефонот е веќе стар скоро 2 години. Агенцијата нема каде да го продаде, а ниту има купувач, па затоа ја смета ситуацијата за неефикасна. Рече дека добро би било доколку и други вработени би побарале да ги купат телефоните, наместо тие да се складираат и да станат електронски отпад. Тој посочи дека по 2-3 месеци, тие ќе се расходуваат и доколку согласно Правилникот за користење службени мобилни телефони вработените не ги задржат, тие ќе завршат во подрумот на Агенцијата без употребна и финансиска вредност.

Г-дин Фиданоски напомена, колку што му е нему познато, мобилниот телефон што се бара да се отуѓи бил добиен како субвенција преку договор со компанијата, што значи дека Агенцијата не го платила со реални пари. Мобилните телефони на вработените во Агенцијата, како што истакна, се добиени на основа на субвенција.

Г-дин Трајчевски потврди дека тоа е точно.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е уште еден доказ кој го потврдува неговиот став дека ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески, даде одобрение на директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се отуѓува службениот мобилен телефон, марка „Samsung Galaxy A54 5G”, со инвентарен број 3104, на лицето претходно вработено во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на работното место Раководител на Службата за внатрешна ревизија, кој бил задолжен и го користел истиот, со цел задржување на апаратот од негова страна.

Наведеното лице во рок од 3 (три) дена од приемот на одлуката, на денарската сметка на Агенцијата бр.300000000618023 во Комерцијална Банка АД Скопје да изврши уплата на износ од 5.488,00 (петилјадиичетиристотиниосумдесетиосум) денари, што претставува сметководствена вредност на апаратот во овој момент, односно разлика согласно утврдената амортизација на службениот мобилен телефон добиен со субвенција.

По извршената уплата на износот и негово предавање на именуваното лице, службениот мобилен телефон, ќе се отпише од сметководствена евиденција на Агенцијата.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**